SILK ROAD BANK

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
**Во Силк Роуд Банка АД Скопје**

**ЦЕЛ**

Силк Роуд Банка АД Скопје (во понатамошниот текст „Банката“) ја препознава приватноста како важна и затоа обезбедува заштита на личните податоци на физичките лица - клиенти на Банката, како и на сите вработени, добиени по кој било основ, а кои автоматски или рачно се обработуваат при користењето на услугите на Банката.

**ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Силк Роуд Банка АД Скопје врши обработка на личните податоци согласно важечката законска регулатива во Република Македонија, а особено согласно законите и подзаконските акти што ја регулираат заштитата на личните податоци, врз основа на претходно дадена согласност од носителот на личните податоци.

Обработка на личните податоци без претходна согласност на носителот на личните податоци може да се врши и во долу наведените случаи:

- Извршување на договор во кој носителот на личните податоци е договорна страна или на барање на носителот на личните податоци пред негово пристапување кон договорот;
- Претходно исполнување на законска обврска на Банката;
- Заштита на животот или физичкиот и морален интегритет на носителот на лични податоци;
- Извршување на работи од јавен интерес или по службено овластување на Банката или на трето лице на кое му се откриени податоците;
- Исполнување на законски права и должности на Банката.

**ПРАВА НА СУБЈЕКТОТ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Субјектот на лични податоци има право од Банката да бара увид и исправка на личните податоци што Банката ги обработува.

Субјектот на лични податоци на негово барање може да добие информација за тоа:

- ✓ дали се обработуваат лични податоци за субјектот подносител на барањето;
- ✓ кои лични податоци се обработуваат;
- ✓ за кои цели и кој е правниот основ;
- ✓ корисниците или категориите на корисници;
- ✓ изворите на личните податоци и кога истите се прибрани и ажурирани.

Силк Роуд Банка АД Скопје ќе одговори на барањето за добивање податоци, а ако Банката веќе одговорила на вакво или слично барање, нема обврска повторно да одговори ако во меѓувреме не се настанати промени во личните податоци на подносителот на барањето, освен во случаите кога се изминати повеќе од 6 (шест) месеци од денот на увидот до барањето за повторен увид во Банката.
Барањата на клиентите доставени до Банката се евидентираат и управуваат од страна на референтот за заштита на личните податоци.